рз основа на член 384 став 2 точка 2, а во врска со член 483 од Законот за трговските друштва, член 70 од Законот за супервизија на осигурауање, член 39 став 7 и став 8 од Правилата за котација на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје, член 2 став 1 точка 2 од Правилникот за содржината на редовните известувања кои друштвата за осигурување и/или реосигурување и други лица ги доставуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување согласно Законот за супервизија на осигурување, одредбите од Статутот на МАКЕДОНИЈА Осигурување а.д. Скопје - Виена Иншуренс Груп (во понатамошен текст: Друштвото), а во врска со точка 7 од работниот дел на дневниот ред на Јавниот повик за свикување на Годишно собрание за деловната 2022 година бр.02-2832/2-1 од 04.04.2023 година, акционерите на друштвото на Годишното собрание на Друштвото за деловната 2022 година одржано на 10.05.2023 година ја усвоија следната:

**ОДЛУКА**
**за распоредување на добивката остварена со**
**Годишната сметка на Друштвото за деловната 2022 година**

1. Друштвото има остварена нето добивка во деловната 2022 година во износ од 40.033.557 денари. Добивката во износ од 40.033.557 денари ќе се распореди на следниот начин:

    - резерви на сигурност 13.344.519 денари,
    - нераспоредена добивка 26.689.038 денари,

2. Оваа Одлука ќе се објави на официјалната интернет страница на Друштвото и на СЕИ НЕТ системот на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје.

3. Оваа Одлука ќе се достави до Агенцијата за супервизија на осигурување.

4. Оваа Одлука стапува на сила на денот на донесувањето.

ГОДИШНО СОБРАНИЕ
Претседавач

___________________________

Предлог одлука